РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Согласно Уредба со законска сила за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID 19, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.153 од 09.06.2020 година), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID 19 периодот

1. **Предмет на јавниот повик** е доделување на финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти со цел да се стабилизира и обнови нивната деловна активност вклучувајќи го враќањето на изгубени пазари со што ќе се одржат деловните потфати кои ќе придонесат за заздравување на домашната економија, преку реализација на инвестициски проект во текот и во пост-ковид периодот за период од март 2020 година до декември 2021 година.
Согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID 19 периодот (во понатамошниот текст: уредбата), предвидени се средства во вкупен износ од 1.200.000.000 денари.

**2. Деловните субјекти кои можат да користат финансска поддршка,**

се деловни субјекти кои:

- во текот на 2020 година имаат во реализација инвестициски проект според инвестицискиот план;
- работат во производствени сектори кои се дефинирани како производство, согласно Националната класификација на дејности рев.2, освен оние кои се исклучени од оваа можност согласно Законот за контрола на државна помош;
- вршат дејност трговија, доколку инвестираат во основни средства;
- вршат дејности од областа на информациско-комуникациски услуги, доколку инвестицијата опфаќа воспоставување на нова организациона единица за технолошки развој, истражување и/или развој на ново софтверско или хардверско решение; и
- се корисници на право на концесии на добра од општ интерес доколку концесијата не се користи за реализација на инвестициски проект;

**3. Деловни субјекти кои не можат да користат финаниска поддршка,**

се деловни субјекти кои:

- искажале негативен финансиски резултат во 2019 година;
- вршат дејност од областа на примарно земјоделство, шумарство и рибарство;
- вршат градежни дејности поврзани со изградба и продажба на станови и станбени и деловни згради за делот на градежната дејност изградба и продажба на станови, станбени и деловни згради;
- работат во индустриите за производство на јаглен и челик;

- се поддржани со други мерки и механизми за поддршка на специфични сектори (како банкарскиот сектор, финансиски услуги и слично);
- вршат дејности од јавен интерес утврдени со закон;
- вршат лиценцирана дејност;
- вршат регулирана дејност чија цена ја одредува независно регулаторно тело;
- се корисници на право на концесии на добра од општ интерес;
- кои вршат дејности поврзани со наменско производство (вооружување и воена опрема);
- произведуваат акцизна стока, освен акцизна стока наменета за фармацевтски, медицински и индустриско лабораториски цели и
- вршат дејност трговија (на мало и на големо), освен ако инвестираат во основни средства и објекти.

**4. Висина на финансика поддршка**

Висината на финансиската поддршка изнесува 25% од реализираната инвестиција според инвестицискиот план но не повеќе од:

- 40.000 ЕВРА во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, за деловни субјекти кои оствариле вкупен приход во 2019 година не повисок од 1.000.000 ЕВРА во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата;
- 100.000 ЕВРА во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, за деловни субјекти кои оствариле вкупен приход во 2019 година од 1.000.001 ЕВРА до 10.000.000 ЕВРА во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата;
- 140.000 ЕВРА во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, за деловни субјекти кои оствариле вкупен приход во 2019 година од 10.000.001 ЕВРА до 50.000.000 ЕВРА во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата; и
- 200.000 ЕВРА во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, за деловни субјекти кои оствариле приход во 2019 година повеќе од 50.000.000 ЕВРА во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата.

Доколку врз основа на проекцијата за видот и максималниот износ на финансиска поддршка се надминат утврдените буџетски средства, исплатата се врши сразмерно по корисник на финансиска поддршка во рамките на утврдениот буџет.

**5. Документи за поднесување на Пријава**

Потребни документи за поднесување на Пријава се:

- пополнет образец – Пријава (може да се превземе од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk)
- тековна состојба за деловниот субјект не постаро од шест месеци
- биланс на успех за 2019 година
- пресметка на аконтациите на данокот на добивка за месеците март, април и мај 2020 година

- инвестициски план (може да се превземе од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk)
- нотарски заверена изјава на законски застапник на корисникот, под полна материјална, кривична и морална одговороност дека приложената документација и податоците се точни, вистинити и веродостојни

**6. Начин и рок на поднесување на Пријава**

Барањата заедно со потребната документација се доставуваат во затворен плик до Архивата на Министерство за економија, ул. "Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје, секој работен ден од 9:00 - 15:00 часот.

На пликот треба да стои :

До Министерство за економија, Комисија за оценка на пријавите на деловните субјекти, адреса: ул. Јуриј Гагарин 15, 1000 Скопје
За Јавен повик за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID 19 со назнака „ НЕ ОТВАРАЈ ".

Крајниот рок за аплицирање по овој јавен повик е до 31.07.2020 година.

**7. Разгледување на Пријавите и склучување на Договори**

Пријавите за финансика поддршка ќе ги разгледува Комисија формирана од министерот за економија.
Деловните субјекти кои ќе добијат финансиска поддршка склучуваат Договор со Владата на Република Северна Македонија.
Деловниот субјект кој ќе добие финансиска поддршка е должен да го обезбеди договорот со Меница. Меницата, корисникот на финансиска поддршка ја обезбедува со менична изјава за уредување на правата и обврските во форма на нотарски акт со извршна клаузула.
Меницата со која се гарантира помошта мора да биде со важност најмалку 60 дена подолг од датумот на поднесување на завршниот извештај.

**8. Исплата на средства**

Исплата на средствата за финансиската поддршка ќе ја изврши Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од средствата предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во програмата П1 Мерки за справување со COVID 19.

**9. Доставување на Извештај**

Деловниот субјект на кој му е доделена и исплатена финансиска поддршка има обврска од 31.01.2021 до 31.12.2021 година до давателот на финансиската поддршка да достави Извештај за текот на реализација на инвестицискиот план со докази во вид на финансиска и друга документација

соодветна на инвестицискиот проект согласно член 13 став 3 од Уредбата дека истиот се реализира во рамките на инвестицискиот план за кој е исплатена финансиската поддршка.

Доколку деловниот субјект не ја завршил инвестицијата до 31.12.2020, доставува извештај за прогрес со следните документи:

- За купувањето на основни средства, опрема и машини доставува договор или фактура со доказ за целосно или делумно плаќање или алтернативно отворен акредитив или издадена банкарска гаранција за истата. Основните средства, опремата и машините не треба да бидат постари од две години.
- За градба на производни хали, доставува издадена градежна дозвола со премер пресметка, докази за извршени плаќања за градбата и фото документација од истата. Документацијата треба да биде на име на компанијата која аплицира за финансиска поддршка.
- За воспоставување на нова организациона единица за технолошки развој, истражување и/или развој на ново софтверско или хардверско решение доставува евиденциски извештаи за инвестираните средства во опрема, инвестиции во оперативен капитал, обуки и тренинзи и/или договор за интелектуална сопственост.

Министерството за економија врши контрола на процесот на имплементација и на точноста на завршниот извештај.
Доколку деловниот субјект не успее да ја заврши инвестицијата или не успее да ја докаже минимум 80% од вредноста на инвестицијата, треба да ги врати средствата Буџет на Република Северна Македонија не подоцна од 01.03.2022 година, во спротивно давателот на финансиската поддршка ќе ја активира меницата како механизам за обезбедување.